РОСА ПЛАВЕВА И НАКИЕ БАЈРАМИ

Пишува: Христина ИВАНОСКА



Еден од првите собири на жените во Македонија на кој се расправа за решавањето на нерамноправната положба на жената е одржана кон крајот на 1907 година во Скопје. Времето на неговото одржување коинцидира со времето на обединувањето на меѓународното женско пролетерско движење, односно состанокот е одржан, најверојатно, малку подоцна по Првата меѓународна конференција на социјалистките (17 и 19 август 1907, Штутгард). Имено, социјалистката Роса Плавева, која има тесна соработка со турските социјалистки во Скопје, го организира собирот кој се одржува во нејзиниот дом. На собирот присуствуваат околу дваесет жени, повеќето од нив се Турчинки...

Веќе долго време ме интересира состојбата за "женското прашање" во Македонија (поконкретно градот Скопје) третирано во рамки на уметнички проект. Во 2001 година учествував на изложбата насловена "Озарување на местото - Ликовни интеркомуникации во Скопје" (куратор **Соња Абаџиева**), каде што се претставив со делото "Булевар Христина Иваноска - Sверот 1078/24", кое се однесуваше на фрапантната констатација дека од 1.078 улици во градот Скопје само 24 се именувани со женски имиња вклучувајќи ги и настаните и организациите кои се однесуваат исклучиво на жената како што се Осми март и АФЖ. Во главниот град на Република Македонија не постои ниту еден булевар именуван со женско име. За да го насочам фокусот кон оваа состојба, која е уште еден пример за маргинализирање на значењето и улогата на жената, значаен фактор во градењето на оваа наша држава, истата година го прогласувам првиот виртуелен "женски" булевар користејќи го иронично сопственото име и прекар изработувајќи табла по сите стандарди во Македонија за обележување на улици и булевари. Оваа табла беше изложена во рамките на Петтото биенале на млади, поставена покрај главниот влез на Музејот на современа уметност, уште една маргинализирана институција која комплетно го изгуби својот статус на значаен центар за промовирање и поттикнување на современото творештво во изминативе десетина години. Барањето доставено до Советот на град Скопје, со кое барам мостот кој е во изградба да го носи името на две исклучително храбри и пожртвувани сограѓанки, **Роса Плавева** и **Накие Бајрами**, кои во почетокот на 20 век активно учествуваат во еманципацијата на жената од овој дел на Балканот вклучувајќи ја, што е исклучително значајно, во тие процеси и муслиманската жена, е продолжување на истиот проект започнат во 2001 година.

Во меѓувреме се случија многу промени. Избравме нов градоначалник, а се работеше и на формирање на нов Градски совет. Состојбата со Комисијата за именување улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, која всушност ги разгледува доставените барања и предлози, како што е и моето, ми беше нејасна. Претпоставував дека и таа ќе претрпи извесни промени во нејзиниот состав. Доставувањето на барањето траеше околу половина час. Бев препраќана од една барака во друга, бидејќи оние што ги прашував каде треба да ги доставам документите за Комисијата за именување... ме гледаа со доза на чудење не знаејќи каде точно да ме упатат. По заверката на барањето во архивската служба, на прашањето кога да го очекувам одговорот и дали ќе добијам писмено образложение, ме испратија до лицето кое всушност ми ја објасни целата ситуација. Комисијата била формирана и функционирала без постоење на никакви законски регулативи. Нивните одлуки, се разбира, биле поништени од Уставниот суд како неважечки. Предлог-законот сé уште чека на разгледување и одлучување во Парламентот и се очекува тоа да потрае со месеци. Мостот ќе биде изграден и пуштен во функција во текот на оваа година. Тој ќе биде и именуван без да се земат предвид предлозите на граѓаните, и сигурно нема да се чека да се донесе законот и да се формира комисија.

Не сакајќи од ова мое истражување и иницијатива да направам уште една самостојна изложба, како што би се очекувало од еден ликовен уметник, изморена и немотивирана од инертноста на нашите институции од областа на уметноста и културата, јас решив да ѝ се обратам на една поширока публика (читатели) зашто мислам дека е ова проблем кој нé засега сите.

На 28 април 2005 година, до Советот на град Скопје го доставив моето барање за именување на мостот кој се гради во близина на железничката станица, поттикната од напис објавен во дневниот весник "Утрински весник" во месец јануари 2004 година.

Барање: **Именување на мостот кој го поврзува северниот со јужниот дел на градот, во близина на железничката станица во Скопје, а кој сé уште е во изградба, со имињата на истакнатите сограѓанки, борци за слободата на Република Македонија и правата на жената, Роса Плавева и Накие Бајрами**

Почитувани,

во дневниот весник "Утрински весник", со датум понеделник 5 - среда 7 јануари 2004 година, во рубриката "Скопје", на стр. 21 беше објавен напис на **Деспина Трајковска** со



наслов "Скопјани ќе треба да учат педесетина нови имиња на улиците" (види доставена копија). Во текстот беше објавено, според изјавата на **Игор Ѓиевски**, претседател на Комисијата за именување на улиците на подрачјето на Скопје дека: "... Предлози можат да доставуваат сите заинтересирани субјекти, дури и граѓани поединци, но Комисијата ќе одлучи дали тие ќе се прифатат или одбијат", рече Гиевски, кој потенцираше дека рокот за доставување на предлозите не е временски ограничен..."

Бидејќи, според горенаведениот извадок, мене како граѓанин поединец ми е овозможено правото за доставување на предлози за промена или именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, до горенаведената Комисија која функционира во рамките на Советот на град Скопје, јас решив да го искористам ова мое право и да го приложам ова барање за именување на мостот, кој во моментов е сé уште во изградба, а се наоѓа во близина на железничката станица. Моето барање е поткрепено и со поопсежно образложение кое следува во продолжение на овој допис.

Јас, Христина Иваноска (1974, Скопје), по професија ликовен уметник кој дипломирал во 1997 година на Фалултетот за ликовни уметности - Скопје, во класата на професор **Рубенс Корубин** и оттогаш активен творец и учесник на многу истакнати локални, регионални и интернационални манифестации од областа на визуелните уметности (види доставена биографија), веќе долго време се интересирам за процесот на именување на улици во Скопје. Уште во 2001 година, кога бев поканета од истакнатиот кустос Соња Абаџиева од Музејот на современа уметност - Скопје да учествувам во нејзиниот јавен проект/изложба насловен како "Озарување на местото - Ликовни интеркомуникации во Скопје" во кој зедоа учество и многу значајни македонски авторки од оваа област (види доставен каталог), решив за тој проект да направам истражување, поткрепено и со фотодокументација, за бројот на улици и булевари на ниво на град Скопје, кои се именувани со женски имиња или со имиња на значајни настани и организации кои ја одбележаа нивната борба за еманципација и рамноправност, како и документирање на нивната моментна состојба и означеност.

Од 1.078 улици во градот Скопје само 24 се именувани со женски имиња вклучувајќи ги и настаните и организациите кои се однесуваат исклучиво на жената како што се Осми март и АФЖ. Во главниот град на Република Македонија не постои ниту еден булевар именуван со женско име

Резултатот беше следниот: од 1.078 официјално внесени улици и булевари во градот Скопје, само 24 улици се именувани со имиња на значајни жени- борци, интелектуалки и градителки, вклучувајќи ги и имињата на организации и значајни датуми (на пример 8 Март). Она што е зачудувачки факт е дека ниту една значајна жена од нашата и од светската историја не била доволно достојна за со нејзиното име да се именува барем еден булевар или мост во главниот град на Република Македонија. Не се сомневам дека состојбата е слична и во другите градови и помали места во Републикава. Како еден вид револт кон забележената состојба и како продолжение на мојот проект, јас го "именував" првиот виртуелен булевар користејќи го моето лично име, презиме и прекар, "Булевар Христина Иваноска - Sверот", создавајќи табла по сите стандарди за означување на улици и булевари во Република Македонија. Таблата беше изложена на фасадата на Музејот на современа уметност во Скопје во рамките на Петтото биенале на млади (2001), а денес таа е дел од колекцијата на истата институција. Мојот акт содржи и одредена доза на иронија поради фактот дека најголем број од жените чии имиња, заедно со нивните партизански прекари, ги красат нашите улици се борци на НОВ и жртви на Втората светска војна. Тие требаше да ги дадат своите животи за слободата на овој народ и оваа земја за нивната улога и значење да бидат забележани.

Во обидот да се надмине оваа состојба и на жената во Република Македонија да ѝ се даде достојно место, место за почит и во овој сегмент од нашето урбано живеење, јас ви предлагам вам, почитувани членови на Комисијата, мостот кој сé уште е во изградба, а се наоѓа веднаш до железничката станица во Скопје која ги поврзува северниот дел на градот (Саем и населбата Автокоманда) и јужниот дел (Маџар маало, Транспортен центар) да ги носи имињата на истакнатите Роса Плавева и Накие Бајрами "... Со шепот се раскажуваше за социјалистката Роса Плавева, една од првите Македонки - борци за еманципација на жената кај нас и за нејзината блиска соработничка, учителката Накие Бајрами." (**Вера Весковиќ - Вангели**, *Жената во вителот на антагонизмот на традицијата*, Друштво за наука и уметност, Велес, 1999, стр. 45).



За овој исклучителен настан кој е многу малку познат во историјата на нашата земја, дознав од независниот куратор **Сузана Милевска** која неколку години наназад работи на истражување на улогата и значењето на жената на Балканот. Значењето на делото на Роса Плавева и Накие Бајрами не се однесува само на времето во кое дејствувале туку уште повеќе може да биде референца за прашањето на соживот денес. Нивното залагање за еманципираност, заедништво и поддршка треба да ни биде пример за соочување и надминување на состојбата на сé позабележителната сепарација на православен и муслимански дел на градот или македонски-албански.

Според истражувањата на д-р Вера Весковиќ - Вангели за

значењето на жената и нејзината еманципација во Македонија од почетокот на 20 век, во еден од нејзините објавени трудови се споменува еден многу значаен собир во периодот меѓу 1908-1909, во кој ќе се расправа за состојбата на жената и нејзината еманципација како и за отфрлањето на зарот и ферецето, а во чиј собир како организатори и активни учеснички се појавуваат токму, гореименуваните, Роса Плавева и Накие Бајрами.
"Кога се имаат предвид економско-политичките состојби и движења во Македонија во првата деценија на 20 век (Илинденското востание, Младотурската револуција, пропагандите на соседните балкански монархии итн.), фасцинира податокот дека малубројните социјалистки во Македонија преземаат речиси идентични акции за решавање на нерамноправната положба на жената, како што тоа го прави женското напредно движење во Европа. Еден од првите собири на жените во Македонија на кој се расправа за решавањето на нерамноправната положба на жената е одржана кон крајот на 1907 година во Скопје. Времето на неговото одржување коинцидира со времето на обединувањето на меѓународното женско пролетерско движење, односно состанокот е одржан, најверојатно, малку подоцна по Првата меѓународна конференција на социјалистките (17 и 19 август 1907, Штутгард). Имено, социјалистката Роса Плавева, која има тесна соработка со турските социјалистки во Скопје, го организира собирот кој се одржува во нејзиниот дом. На собирот присуствуваат околу дваесет жени, повеќето од нив се Турчинки, симпатизерки на младотурската партија 'Единство и напредок'. На собирот се расправа за положбата на жената и нејзината борба за полна еманципација, а поради веќе споменатиот состав, една од темите е и отфрлањето на зарот и ферецето. Меѓутоа, бидејќи официјалната турска власт во градот дознава за тоа, собирот завршува со интервенција на жандармеријата и апсење на Роса Плавева. Овој собир на социјалистките во Скопје со право може да ја понесе одредницата на предвесник на осмомартовските собири". (Д-р Вера Весковиќ - Вангели, *Осми март и напредното движење на жените во Македонија (1939 - 1945)*, Архив на Македонија, Скопје, 1985, стр. 28, 29).

"... Со шепот се раскажуваше за социјалистката Роса Плавева, една од првите Македонки - борци за еманципација на жената кај нас и за нејзината блиска соработничка, учителката Накие Бајрами." (Вера Весковиќ - Вангели, *Жената во вителот на антагонизмот на традицијата*, Друштво за наука и уметност, Велес, 1999, стр. 45)

За разлика од значењето, улогата и придонесот на Роса Плавева, кое е релативно добро познато меѓу познавачите на историските настани од 20 век и обичните граѓани на оваа држава (сепак една уличка во скопското централно градско подрачје го носи нејзиното име), значењето и улогата на Накие Бајрами е релативно маргинализирана. Во книгата на д-р Вера Весковиќ - Вангели, *Жената во ослободителните борби на Македонија (1893 - 1945)*, Култура, Скопје, 1990, стр. 69 - се наведени следните податоци "Месниот секретаријат на 'Жените социјалистки (комунистки)' во Скопје организира широка акција за просветување на жената од градот и селото. За таа цел се организирани специјални екипи. Особен интерес е покажан во просветувањето на жената од турското малцинство. Кон исполнувањето на оваа задача со голем ентузијазам пристапува учителката од турската народност Накие Бајрами. Нејзината доследност многу придонесла акцијата на просветување меѓу Турчинките да постигне добри резултати. (заедно со Роса Плавева, додадена забелешка на авторката Вангели)".

Во книгата *Жената во вителот на антагонизмот на традицијата* (стр. 88, 89) од истата авторка се објаснети и причините за нецелосно остварената еманципација на муслиманската жена во Македонија, и ако може да се каже, назадувањето или стагнирањето во тој процес кој е евидентен и денес. "Процесот на еманципација на женската муслиманска популација во Македонија, започнат уште во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна, беше под знакот на симнување на зарот и ферецето, популарно наречено "одбулување". Според истражувањето на компетентната документација, случувањата на доброволно одбулување (исклучиво во некои градови) е скоро безначајно и оптоварено со жесток отпор, бидејќи беше восприемено исклучиво како комунистичка догма, а често и злонамерно толкувано како атак врз религијата и достоинството на жената. Амбицијата на државата за еманципација на целата женска популација во Македонија, без исклучок, беше заокружена со *Законот за забрана носење зар и ферече* донесен на 12 јануари 1951 година. Поради овој закон, и не само од жените туку речиси и од целокупната муслиманска популација доживеан како насилнички акт против семејниот и личниот интегритет на муслиманката, која се до неговата објава, а и потоа води 'издвоен живот на едно поминато и мртво време', како што критички ќе забележи биографот на **Кемал Мустафа Ататурк**, **Харолд Амстронг**, но и поради строгото почитување на исламскиот кодекс, таа доживува длабока траума и нејзиното затворање во семејниот атар е уште поригорозно. Па така, акцијата за описменување преку *аналфабетските курсеви* доживува фијаско. И наспроти големиот број образовани и еманципирани жени, муслиманката 'го замени зарот и ферецето со мантил и шамија, што и денес е најчест знак на нејзиното препознавање".

Водена според првичната асоцијација за зборот мост, нишка за воспоставување (повторна) комуникација, поврзување на две страни, премин кон непознатото... мој предлог е оној дел од мостот на кој возилата ќе се движат од јужниот кон северниот дел на градот, во кој според полуофицијалните резултати од пописот (бидејќи никогаш не беа официјално објавени) живее најголем процент од муслиманското население на градот Скопје, да го носи името на Роса Плавева. Другиот дел од мостот на кој возилата ќе се движат во спротивната насока, од север кон југ, каде што живее главно, а некаде исклучиво македонско население, да го носи името на Накие Бајрами. Со именување на мостот на овој начин ќе се истакне значењето и улогата на жената во градењето на оваа држава, нејзината борба за еманципација, со посебен акцент на напорите за еманципација на муслиманската жена кај нас; безусловната потреба за соживот, толеранција и прифаќањето на сите религии и потреби; и повторно поттикнување на "присилно" заборавената комуникација и циркулација помеѓу двата дела на градот.

Се обидов да бидам кратка, но и исцрпна во излагањето на моето барање со намера да го потенцирам значењето на овој момент во кој именувањето или преименувањето на улица, булевар, мост или други инфраструктурни објекти е сериозна обврска и одговорност на целокупното општество. И овој сегмент од нашето урбано живеење треба да остави белег и за во иднина кој ќе говори за свесноста на еден народ и една држава кон сопствената историја, придобивки и грешки.

Однапред Ви благодарам за одвоеното време и соработката. Доколку Ви се потребни дополнителни информации во врска со доставеното барање и придружниот материјал, слободно обратете ми се на горенаведената адреса, телефонски број или интернет контакт.

Во очекување на позитивен одговор

Со почит,

Христина Иваноска
Скопје, 20 април 2005 год.

Придружен материјал: фотокопија од дневниот весник "Утрински весник", датум: понеделник 5 - среда 7 јануари 2004 година, рубрика "Скопје", стр. 21, "Скопјани ќе треба да учат педесетина нови имиња на улиците" напис на Деспина Трајковска; биографија на подносителот на барањето Христина Иваноска; примерок од каталогот за изложбата "Озарување на местото - Ликовни интервенции во Скопје", куратор Соња Абаџиева; фотографија од мостот во изградба (18 април 2005 година).